Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
ОДДЕЛЕНИЕ ИНСПЕКТОРАТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕ ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Дел.Бр. 14-43/1 д.г.и. Сузана Цуцулоска

Датум: 10.01.2023 Раководител на Одделение Инспекторат

Место: Д.Хисар (м.п.)

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19) и Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19) Раководителот на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во Општина Демир Хисар, донесува:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

## 1. Резиме

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ“ бр.102/2019г), Раководителот на инспекциската служба донесува извештај за работа на одделението за инспекциски надзор, најдоцна до 15 јануари во тековната година за периодот Јули-Декември во претходната година, кој се објавува на веб страната на општината.

Во овој полугодишен извештај се содржани активностите кои се реализирани од страна на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во Општина Демир Хисар, а кои беа планирани со годишниот план за 2022 година и месечните планови. Сите реализирани активности беа превземени од инспекторите во одделението со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор по области од нивна надлежност, а во согласност со постоечката законска регулатива, како и настанатите измени/мерки со дополнување на постоечките правни акти.

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во Општина Демир Хисар во второто полугодие од 2022 година, според планираното во континуитет ги извршуваше следните активности:

- вршеше инспекциски надзор над почитување и спроведување на обврските утврдени со законите и донесените одлуки врз основа на закон од страна на Советот на Општина Демир Хисар,
- за констатираните неправилности се составуваа записници, врз основа на кои се донесуваа решенија и се изрекуваа опомени на субјектите на надзорот,
- вршеше контрола над исполнување на обврските дадени во надлежност за постапување на ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар,
- вршеше контрола над спроведување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни животни (кучиња-скитници),
- покренуваше и вршеше анализа на одредени состојби во општината,
- редовно се координираше со градоначалникот на општината и даваше предлози за надминување на проблеми од аспект и надлежност на инспекциската служба,
- соработуваше со другите институции на локално ниво.
- вршеше и други работи согласно материјалните закони.

## 2. Анализа на ризици

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба, а согласно со Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик.

Проценка на ризикот се врши преку:

- идентификување на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животната средина и здравјето на луѓето, кои може да се случат како последица од работата на субјектот на надзор и
- проценка на тежината на штетните последици и веројатноста за нивно случување.

При анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите од областите на наведените инспекциски служби, беше утврден среден степен на ризик, бидејќи ризикот може да се јави повремено или случајно, и е подложен на промени во зависност од понатамошното постапување на субјектот на надзорот.

Утврдениот среден степен на ризик се базира на статистиките од досега извршени инспекциски надзори и изведени заклучоци од записниците на инспекторите за извршени редовни и вонредни инспекциски надзори и нивните извештаи за работа.

## 3. Организација и раководење

Инспекциската служба во рамките на Општина Демир Хисар е организирана на ниво на Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат. Со одделението раководи раководен инспектор од категорија Б, ниво Б4-Виш инспектор, а во негово отсуство ќе го заменува еден од инспекторите со највисоко звање во одделението. Раководителот на одделението за својата работа одговара пред градоначалникот на општината.

Во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар број 01-53/1 од 29.01.2016г и Правилниците за измени и дополнување на овој Правилник (бр.01-364/2 од 11.04.2018г, бр. 01-364/4 од 23.04.2018г, бр. 01-337/3 од 09.05.2019г, бр. 01-1035/1 од 14.11.2019г, бр.13-1152/3 од 24.12.2019г, бр.01-97/1-1 од 28.01.2020г, бр.01-97/3 од 15.10.2020г, бр. 01-68/1 од 28.01.2021г и бр. 01-68/3 од 05.08.2021г) се утврдени и систематизирани вкупно 6 работни места од кои пополнети се 5 работни места.

Од предвидените работни места со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Демир Хисар, во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат, во периодот Јули-Декември 2022г пополнети беа следните места:

- Раководител на одделението и Овластен градежен инспектор (во тековната 2022г задачите ги извршуваше раководителот на одделението)
- Советник-инспектор за даноци
- Помлад инспектор за комунални дејности
- Помлад инспектор за животна средина и
- Комунален редар

Секој од вработените во рамките на своите надлежности и овластувања има соодветна програма за работа и се грижише за спроведување на законитоста од соодветната област.

**1. Раководителот на одделението за инспекциски надзор-Виш инспектор** во рамките на своите надлежности ги извршуваше следните активности:

- Раководење со одделението;
- Давање на стручна помош и совети во работењето на одделението;
- Грижа за стручно усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението;
- Подготовка на годишен и месечни планови за работа на одделението;
- Изготвување на извештаи за работење на одделението;
- Подготовка на Програма за практична обука на кандидат за инспектор;
- Подготовка на листи за проверка;
- Давање на предлози и иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокругот на одделението.

Исто така Раководителот на одделението според потребите на општината, а согласно со одредбите на Законот за инспекциски надзор, 35% од работното време во месецот врши инспекциски надзор како Овластен градежен инспектор со соодветна лиценца и согласно овластувањата и надлежностите што ги има при примена и спроведување на:

- Закон за градење;
- Закон за градежното земјиште;
- Закон за инспекциски надзор;
- Закон за општата управна постапка;
- Закон за прекршоци;
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти;
- Закон за земјоделско земјиште;
- Закон за просторно и урбанистичко планирање како и
- Правилниците кои што се донесени врз основа на погоре споменатите закони

ги извршуваше следните активности:

- Редовна месечна обиколка на населените места во рамките на општината и вршење на инспекциски надзор по службена должност или по барање на било кое лице во најкраток можен рок;
- Вршење на инспекциски надзор во текот на изградба на објекти од јавен карактер чија изградба е надлежност на општината, како и инспекциски надзор на градба кога во неа се врши пренамена со реконструкција на конструктивните елементи;
- При спроведувањето на инспекцискиот надзор, се проверува дали учесниците во градењето имаат овластувања и лиценци;
- Контрола дали изградбата на објектите се изведува со одобрение за градење, односно работите се вршат со одобрение за подготвителни работи, или со решение за изведување на градба издадено од градоначалникот;

- Проверување на проектната документација, односно дали основниот проект доколку е изработен во странство е нострифициран од Комората;
- Следење на градбата, односно проврување дали градбата или нејзин дел се гради спротивно на одобрението за градење или спротивно на заверениот основен проект;
- Дали има неправилности при изградбата, кои можат да го загрозат исполнувањето на основните барања за градбата;
- Дали со изградбата е загрозена сигурноста на околните градби или стабилноста на околното земјиште;
- Проверување дали изградбата ја врши правно лице со лиценца според член 25 од Законот за градба, односно лице со овластување според член 31 од Законот за градба;
- Врз основа на констатираната состојба при увидот се составуваат записници, врз основа на кои се донесуваат решенија;
- Донесување на налози со кои се дозволува извршување на решенијата или записници за запирање на постапката.
- Во случај ако неправилноста претставува прекршок или кривично дело, се покренува пркршочна или кривична постапка;
- Водење на дневник за вршењето на инспекцискиот надзор;
- Во случај на неправилности од членовите 134 и 135 од законот за градење, пред донесување на решение, на лице место усно се наредува затворање на градилиште или негов дел.

Во рамките на своите активности, покрај вршењето на инспекциски надзор согласно Законот за градење, Раководителот на одделението како Овластен градежен инспектор на Општина Демир Хисар ги вршеше и следните работи:

- Давање на предлози и сугестии до одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи при изработката на годишните програми;
- Давање на предлози и иницијативи за разрешување на проблемите со нелегално изградените објекти;
- Редовно информирање на Градоначалникот на општината за констатираните состојби утврдени при вршење на надзорот, како и превземените мерки при вршење на надзорот;
- Вршење на редовно, навремено и вистинито известување на граѓаните на Општина Демир Хисар за работите утврдени со законот за градење и за измени кои настанале во меѓувреме;
- Давање на предлози, насоки и сугестии при припрема на тендер за избор на извршител и припрема на План за извршување на донесените решенија.

**2.Советник - инспектор за даноци,** согласно овластувањата и надлежностите што ги има при примена и спроведување на:

- Закон за даноците на имот;
- Закон за комуналните такси;
- Закон за такса за привремен престој ;
- Закон за пожарникарство и
- Закон за инспекциски надзор

Ги извршуваше следните активности:

- Редовна обиколка на населените места во рамките на општината и вршење на инспекциски надзор по службена должност или по иницијатива на било кое лице;
- Вршење на инспекциски надзор над утврдување и наплата на даноците на имот;
- Вршење на надзор над наплата на комуналните такси;
- Вршење на надзор над наплата на такса за привремен престој;
- Вршење на надзор на наплатените премии за осигурување на моторните возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила;
- За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и превземените мерки од надзорот, инспекторот составува записници кои се доставуваат до физичките или правните лица каде што е извршен инспекцискиот надзор;
- По извршен инспекциски надзор се донесуваат решенија за задолжување на правните или физичките лица за отстранување на неправилностите;
- Кога при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, инспекторот покренува постапка пред надлежен орган.

Во текот на второто полугодие на 2022 година инспекторот за даноци вршеше контрола над правни и физички лица-обврзници на данок на имот, а кои од различни причини не ја исполниле оваа обврска, при што истите се задолжени да поднесат соодветни даночни пријави за утврдување на имот, како и следење на нивното процесуирање до изготвување на решенија за данок на имот. Согласно закон инспекторот вршеше проверка на состојбата на недвижниот имот кој е предмет на оданочување како и во однос на физички промени (доградби, надградби, реконструкции и др.)

Покрај наведеното, континуирано ја контролираше наплатата на веќе евидентираните даночни обврзници и истите беа обврзани да ги подмират даночните обврски доколку тоа не го сториле, односно не извршиле уплата во законски предвидениот рок.

**3.Помлад инспектор за комунални дејности,** согласно овластувањата и надлежностите што ги има при примена и спроведување на:

- Закон за управување со дополнителни текови на отпад;
- Закон за комуналните работи;
- Закон за јавна чистота;
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
- Закон за гробишта и погребални услуги;
- Закон за заштита и благосостојба на животните;
- Закон за урбано зеленило;
- Закон за инспекциски надзор;
- Одлука за комунален ред на Општина Демир Хисар;
-Правилници, Одлуки и Уредби кои што се донесени врз основа на погоре споменатите закони

Ги извршуваше следните активности:
- Редовна месечна обиколка на населените места во рамките на општината и вршење на инспекциски надзор по службена должност или по барање на било кое лице во најкраток можен рок;

- Контрола над одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини (метење, миење, чистење на снег и др);
- Одржување и поставување на комунални уреди и опрема;
- Одржување на зеленило;
- Снабдување со вода за пиење од водоснабдителните системи и одведување на отпадните води;
- Одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
- Одржување на чистота на зелен пазар и други комунални дејности;
- За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и превземените мерки од надзорот, инспекторот составува записници кои се доставуваат до физичките или правните лица каде што е извршен инспекцискиот надзор;
- По извршен инспекциски надзор се донесуваа решенија за задолжување на правните или физичките лица за отстранување на неправилностите;
- Кога при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, инспекторот покренува постапка пред надлежен орган.

**4.Помлад инспектор за животна средина**, согласно овластувањата и надлежностите што ги има при примена и спроведување на:

- Закон за инспекциски надзор;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад;
- Закон за животна средина;
- Закон за води;
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух;
- Закон за заштита на природата;
- Закон за заштита од бучава;
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и
- Правилници, Одлуки и Уредби кои што се донесени врз основа на погоре споменатите закони

Ги извршуваше следните активности (во соработка со Раководителот на одделението и Помлад инспектор за комунални дејности):
- Редовна месечна обиколка на населените места во рамките на општината и вршење на инспекциски надзор по службена должност или по барање на било кое лице во најкраток можен рок;
- Утврдува дали се изработени елаборати за заштита на животна средина согласно законските прописи;
- Утврдува дали е поднесено барање и/или дали инсталациите имаат Б-интегрирана еколошка дозвола;
- Дали се превземени мерки за спречување на загадувањето на почвата со испуштање на моторни масла од возилата, нафтени деривати или течности кои содржат нафтени деривати;

- Проверува дали се превземаат мерки за заштита од непријатна миризба во простории и околина каде претстојува и се движи човекот;
- Врши увид и контрола дали отпадот е исфрлен, оставен, спален, напуштен или отстранет на начин спротивен на законот и прописите донесени врз основа на Законот за управување со отпад;
- Врши контрола над испуштање на отпадни води или фрлање на материи и супстанции, како и отпадни масла во канализација,
- Врши надзор и контрола над употреба на водите за пиење и капење и утврдува дали постои злоупотреба и ненаменско користење,
- Врши контрола на нивото на бучава,
- Врши надзор и контрола и над други работи кои се во негова надлежност согласно законските прописи;
- За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и превземените мерки од надзорот, инспекторот составува записници кои се доставуваат до физичките или правните лица каде што е извршен инспекцискиот надзор:
- По извршен инспекциски надзор се донесуваат решенија за задолжување на правните или физичките лица за отстранување на неправилностите;
- Кога при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, инспекторот покренува постапка пред надлежен орган.

**5.Комунален редар**

Работењето на комуналниот редар во текот на второто полугодие на 2022 година се состоеше од редовна обиколка на градот и населените места во соработка со Помлад инспектор за комунални дејности и Раководителот на одделението. Контроли се реализираа како редовни во урбаниот дел на градот Демир Хисар, и вонредни контроли и акции во руралните средини при отстранување на комунален отпад и чистење на диви депонии.

Комуналниот редар во своето работење постапува и ги применува следните законски и подзаконски прописи:

-Закон за јавна чистота;
-Закон за општата управна постапка;
-Закон за комуналните дејности,
-Закон за прекршоци;
-Одлука за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар;
-Закон за заштита и благосостојба на животните.

Во текот на работењето заради поефикасно извршување на работните задачи комуналниот редар континуирано соработуваше со комуналните редари од соседните општини, МВР и надлежните во јавното комунално претпријатие.

**Согласно Планот за вработување во Општина Демир Хисар не беше планирано пополнување на нови работни места во одделението за инспекциски надзор-инспекторат во текот на второто полугодие на 2022 година (работното место Овластен градежен инспектор го извршуваше Раководителот на одделението во 35% од работното време, со Овластување од Градоначалникот). Исто така немаше пензионирања во одделението во текот на второто полугодие на 2022 година.**

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Овластен град. инспектор | | | | | | Советник - инспектор за даноци | | | | | | Помлад инспектор за комунални дејности | | | | | | Помлад инспектор за животна средина | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 4 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Овластен градежен инспектор | | | Советник - инспектор за даноци | | | Помлад инспектор за комунални дејности | | | Помлад инспектор за животна средина | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, на ниво на Општина Демир Хисар**

**Овластен градежен инспектор**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Општина Демир Хисар | | | | | |
| 1 | Јануари | | | | | |
| 2 | Февруари | | | | | |
| 3 | Март | | | | | |
| 4 | Април | | | | | |
| 5 | Мај | | | | | |
| 6 | Јуни | | | | | |
| 7 | Јули | 5 | 1 | 1 | 7 | 2 |
| 8 | Август | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 9 | Септември | 1 | | 1 | 2 | 4 |
| 10 | Октомври | 2 | 4 | | 6 | 1 |
| 11 | Ноември | | | 1 | 1 | 2 |
| 12 | Декември | | 1 | 2 | 3 | 2 |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | 9 | 7 | 6 | 22 | 12 |

**Советник-Инспектор за даноци**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Општина Демир Хисар | | | | | |
| 1 | Јануари | | | | | |
| 2 | Февруари | | | | | |
| 3 | Март | | | | | |
| 4 | Април | | | | | |
| 5 | Мај | | | | | |
| 6 | Јуни | | | | | |
| 7 | Јули | | 4 | 4 | 8 | 1 |
| 8 | Август | | | 2 | 2 | |
| 9 | Септември | | 1 | | 1 | |
| 10 | Октомври | | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 11 | Ноември | | 2 | 4 | 6 | 1 |
| 12 | Декември | | 3 | 3 | 6 | 3 |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | | 12 | 14 | 26 | 7 |

**Помлад инспектор за комунални дејности**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Општина Демир Хисар | | | | | |
| 1 | Јануари | | | | | |
| 2 | Февруари | | | | | |
| 3 | Март | | | | | |
| 4 | Април | | | | | |
| 5 | Мај | | | | | |
| 6 | Јуни | | | | | |
| 7 | Јули | | 1 | | 1 | 1 |
| 8 | Август | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 9 | Септември | | | 2 | 2 | |
| 10 | Октомври | | 1 | | 1 | |
| 11 | Ноември | | 1 | 1 | 2 | |
| 12 | Декември | | | 2 | 2 | 1 |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | | 4 | 6 | 10 | 4 |

**Помлад инспектор за животна средина**

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Општина Демир Хисар | | | | | |
| 1 | Јануари | | | | | |
| 2 | Февруари | | | | | |
| 3 | Март | | | | | |
| 4 | Април | | | | | |
| 5 | Мај | | | | | |
| 6 | Јуни | | | | | |
| 7 | Јули | | | | | |
| 8 | Август | | | | | |
| 9 | Септември | | | | | |
| 10 | Октомври | | | | | |
| 11 | Ноември | 2 | | | 2 | |
| 12 | Декември | 1 | 1 | | 2 | |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | 3 | 1 | | 4 | |

## 6. Обука на инспекторите и административните службеници

Согласно предвиденото во изминатиот период од 2022 година инспекторите во одделението следеа обуки организирани од Инспекцискиот совет, ЗЕЛС како и невладини организации, на теми од нивна надлежност, чија главна цел е

надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој. Во рамките на можностите инспекторите зедоа учество на организирани обуки на следните теми:

- Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (ЗИН)
- Инспекциски надзор (ЗИН и Упатство за начинот на спроведување на инсп. надзор)
- Расправа во врска со новиот Закон за управување со отпад

7. **Буџет и финансирање**

Финансиските средства за функционирање на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во рамките на Општина Демир Хисар се обезбедени од буџетот на ЕЛС. Одделението-Инспекторат нема својство на правно лице и нема сопствен буџет.

8. **Меѓународна соработка**

Вработените во Одделението-Инспекторат во Општина Демир Хисар ќе ги следат проектите и активностите за хармонизација со законодавството на ЕУ и ќе дадат придонес во рамките на своите можности кон евроинтеграциските процеси.

9. **Други активности на инспекциската служба**

Инспекторите во Одделението континуирано остваруваат соработка со инспекциските служби во соседните општини, како и контакти и инструкции од инспектори од државните инспекторати и Инспекцискиот совет на РСМ.

Исто така се превземаат активности за зголемување на транспарентноста со објава на веб страна на општината на донесените планови за работа и полугодишни извештаи за оствареното. Листи за проверки се изработени за сите инспекции соодветно на областа која е предмет на инспекцискиот надзор, и објавени на веб страната на општината. Согласно новиот ЗИН и Правилник, изработени се и нови форми на записници и решенија.

Покрај тоа вработените во одделението често пати се ангажирани за вршење на работи кои се во надлежност на останатите одделенија во општината, како и општо во исполнување на целите и обврските на локалната самоуправа.

10. **Заклучоци и препораки**

Во овој извештаен период Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат работите од својата надлежност определена со законските норми ги извршуваше врз принципите на професионалност, стручност, објективност и транспарентност во работењето, а со цел реализирање на предвидените активности во Годишниот план за работа за 2022 година.

Во овој период инспекциски надзор вршеше еден Советник инспектор, Раководителот на одделението во 35% од работното време, како и Помлад инспектор за комунални дејности. Помладиот инспектор за животна средина се стекна со лиценца за инспектор и легитимација во текот на ова полугодие, па оттука произлегува помал број на реализирани надзори во однос на планираното.

Во однос на препораките кои се однесуваат на самата инспекциска служба останува потребата од доекипираност на одделението со инспектори, како и поголема логистичка поддршка од правници и ИТ инженери заради потребата што се наметна со донесувањето на новиот ЗИН со кој се зголемува обемот на административна работа, водење регистри, инспекциска евиденција, обработка на податоци и слично.

Исто така останува потребата за опремување на одделението со материјална и техничка опрема (дел од постоечките компјутери со кои се работи се постари од 14 години), нема обезбедено заштитна опрема за работа на терен, како и немање на соодветен заеднички канцелариски простор за вработените во одделението. Ова во голема мера ја отежнува комуникацијата, соработката и ефикасноста во работењето на одделението.